ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

01 2018 03 08/1

**Скопје, февруари 2019 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 13 |
| Финансиски извештаи за 2017 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 14 |
| Биланс на состојба | 15 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 16 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 17 - 18 |
| - Сметководствени политики | 18 - 19 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 19 - 23 |
| Прилози | |
| Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

ЗЈН – Закон за јавните набавки
РМ – Република Македонија
МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:11-39/8

Дата: 01.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст Агенцијата) на сметката на основен буџет (637) за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Агенцијата за 2017 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за катастар на недвижности на сметката на основен буџет (637) за 2012 година и изразен е заклучок со резерва како за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи така и за усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што е утврдено дека од вкупно три дадени препораки, една препорака е спроведена, додека две препораки не се применливи поради измена во законската регулатива.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- Агенцијата нема доставено предлог единствен идентификационен број до Владата на РМ, врз основа на кој ќе воспостави евиденција за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи,

- не е пресметана амортизација на нематеријалните средства, не е усогласена книгата на капиталниот имот на нематеријалните средства со искажаната вредност во деловните книги и Билансот на состојба,
- Агенцијата не располага со имотен лист за сопственост и право на користење за евидентираниот објект во кој е сместено одделението на катастарот на недвижности во Струмица,
- за градежното земјиште за одделенијата на катастарот на недвижности во Кратово, Скопје и Прилеп, не се обезбедени имотни листови како потврда за располагање или доделено право на користење според евидентираната квадратура, како и не е пресметана ревалоризација како разлика на просечните пазарни цени утврдени од страна на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од единицата на локалната самоуправа во која се наоѓа земјиштето и шумата и нивната сметководствена вредност,
- пописот на средствата и изворите на средствата не е извршен целосно согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници,
- пресметување на делот на плата за работниот стаж на административниот службеник и врз основа на вредноста на додатоците на плата кои се однесуваат на прекувремена и ноќна работа.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби кои се однесуваат на судските постапки во тек, во кои тужена страна е Агенцијата, како и постапки во кои Агенцијата е тужител, како и прифатените корекции во текот на ревизијата кои имаат влијание на финансиските извештаи.

Во делот на Останати прашања истакнуваме одредени системски слабости кои се однесуваат на преземање на активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти, со цел утврдување на критериуми за пресметка на платата на вработените лица кои вршат технички и помошни работи.

Од страна на овластеното лице на Агенцијата добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека во најголем дел претставуваат известување за констатираните состојби во Нацрт извештајот, една забелешка делумно се прифаќа и една забелешка не се прифаќа.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14-16 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за катастар на недвижности на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за катастар на недвижности на сметката на основен буџет (637) за 2012 година и изразен е заклучок со резерва како за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи така и за усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Агенцијата за катастар на недвижности застапувано од:

- Славче Трпески, претходен директор од 12.05.2012 до 03.08.2017 година,
- Борис Тунџев, директор од 03.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во РМ и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.07.2018 година до 16.11.2018 година кај Агенцијата за катастар на недвижности, на

сметката на основен буџет (637) за 2017 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година број 11-50/7 од 28.02.2014 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од вкупно три дадени препораки, една препорака е спроведена, додека две препораки не се применливи поради измена во законската регулатива.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 27.12.2018 година.

Од страна на овластеното лице на Агенцијата добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-39/1 од 14.01.2019 година, истите се разгледани и утврдено е дека четири забелешки претставуваат известување за констатираните состојби во Нацрт извештајот, една забелешка делумно се прифаќа, додека една забелешка не се прифаќа. Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно член 57 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[1], Агенцијата има обврска да воспостави единствена евиденција за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата, врз основа на Единствен идентификационен број кој ќе го утврди Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата.

До денот на извршувањето на ревизијата Агенцијата нема преземено активности за доставување на предлог единствен идентификационен број до Владата на РМ, врз основа на кој Агенцијата ќе воспостави евиденција за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи.

Поради наведената состојба Агенцијата не располага со евиденција за

---

[1] Законот за користење и располагање со стварите **во** државна сопственост и со стварите во општинска сопственост Службен весник на РМ број 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16

имотот/недвижните ствари со кои располага Република Македонија, односно кој го користат или е во сопственост на државните органи и други правни лица основани од државата.

Во декември 2018 година до Агенцијата доставена е Информација[2] од Влада на РМ за запишување на правото на сопственост на недвижностите на РМ во катастарот на недвижностите со која се прифаќа акцискиот план за запишување на право на сопственост на РМ доставен од Агенцијата и со која се задолжуваат органите на државна управа до 31.12.2018 година да ги достават потребните информации за објектите со кои располагаат, со цел реализација на истиот.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата, во соработка со Владата на РМ, да преземе мерки и активности за утврдување на единствен идентификационен број и воспоставување на единствена евиденција за имотот со кој располага Република Македонија.

4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. Агенцијата својата основна дејност ја врши преку користење на современи информациони технологии, софтвери и апликации, поради што се вршат значаен број на набавки во текот на годините по основ на повеќегодишни договори за набавка за нивна изработка или надградба. Вредноста на софтверските апликации, лиценци и патенти се искажани на позицијата нематеријални средства, кои на 31.12.2017 година се проценети во износ од 135.263 илјади денари. Со извршената ревизија го констатиравме следното:

- не е пресметана амортизација на нематеријалните средства за 2017 година како и за претходните години (освен за две нематеријални средства е пресметана амортизација во вкупен износ од 1.119 илјади денари);
- книгата на капиталниот имот на нематеријалните средства не е усогласена со искажаната вредност на нематеријалните средства во деловните книги и Билансот на состојба при што постои разлика од 2.754 илјади денари и доведува до неможност за потврдување на веродостојноста на евиденциите;
- нематеријалните средства, софтверите, лиценците кои се вон употреба, дотраени, застарени или им е истечен рокот на важност се уште се искажуваат во сметководствената евиденција по нивната набавна вредност и годишно се ревалоризираат.

Ваквата состојба не се согласно со член 8 и од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 19 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и имаат за ефект не реално и не објективно прикажување на нематеријалните средства во

[2] Извадок од Нацрт записникот од Сто и втората седница на Владата на РМ, одржана на 13.11.2018 година, број 44-10032/1 од 13.11.2018 година

Билансот на состојба.

**Препорака:**
Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за целосно, соодветно евидентирање на вложувањата во нематеријални средства, како и усогласување на книгата на капиталниот имот на нематеријални средства со сметководствената и фактичката состојба на софтверите и лиценците.

4.2.2. Со извршениот увид во сметководствената евиденција поврзана со градежните објекти во износ од 330.537 илјади денари и градежно земјиште во износ од 75.816 илјади денари, ревизијата ја констатира следнава состојба:

- Агенцијата не располага со целосни податоци во имотниот лист за сопственост и за право на користење, со кој ќе може да се потврди евидентираниот објект според поединечна квадратура и вредност, за регионалното одделение за катастар во Струмица, во износ од 12.048 илјади денари;
- евидентирано е градежно земјиште во вкупен износ од 33.216 илјади денари за регионалните одделенија во: Кратово, Скопје и Прилеп, за кои не се обезбедени имотни листови како потврда за располагање или доделено право на користење според евидентираната квадратура;
- на состојбата на вредноста на земјиштето на 31.12.2017 година пресметана е ревалоризација со примена на индексот на кумулативен пораст на цените на производителите на индустриски производи, со што формирана е ревалоризациона резерва во износ од 1.047 илјади денари, што не е во согласност со член 28 став 6 од Правилникот кој пропишува: ... „*ревалоризација на земјиштето и шумите претставува разлика меѓу вредноста на крајот од пресметковниот период според просечните пазарни цени утврдени од страна на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од единицата на локалната самоуправа во која се наоѓа земјиштето и шумата и нивната сметководствена вредност*“.

Горенаведената состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и влијае на реалното и објективно искажување на состојбата на градежните објекти и земјиштето во Билансот на состојба.

По Нацрт извештајот од страна на Агенцијата доставена е дополнителна документација (имотни листови) со која се потврдува дека за дел од евидентираните градежни објекти и земјиште извршено е упишување на правото на сопственоста и на користење според евидентираната квадратура и вредност.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности:

- да се обезбедат имотни листови за градежните објекти и земјиштето според квадратурата која е во сопственост или ја користи Агенцијата,
- да се изврши ревалоризација на земјиштето согласно утврдената пазарна вредност од страна на комисија формирана од единиците на локална самоуправа на кое се наоѓа или припаѓа истото.

4.2.3. Агенцијата има донесено Упатство за начинот за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар[3] и Решение за формирање на Централна комисија и помошни комисии за попис на основни средства и ситен инвентар[4], со кои е детално уреден начинот и постапката на спроведување на годишен попис во Агенцијата.

Со извршениот увид во приложената документација за извршениот попис за 2017 година, Извештајот на централната пописна комисија[5], Одлуката за усвојување на пописот[6], деловните и помошните книги, ревизијата констатира дека истиот не е извршен во целост согласно утврдените акти за вршење на попис поради следното:

- извештајот за извршен попис на централната пописна комисија нема целосна поткрепувачка документација, комплетни извештаи од посебните пописни комисии и пописни листи потпишани од членовите на комисиите со вредносни и натурални показатели како доказ дека е направен физички попис и усогласување на фактичката со сметководствената состојба на основните средства, материјалите и ситниот инвентар;
- со извршениот попис за 2017 година утврден е вишок на 82 основни средства, без да се даде објаснување за причините за негово појавување и кои средства се внесени во сметководствената евиденција со вредност нула;
- по основ на кусок извршен е отпис на 45 основни средства со сегашна вредност нула, од кои 21 средство не е најдено на лице место, а за 19 е добиено писмено известување дека се украдени. За оваа состојба во

[3] Упатство за начинот за вршење на попис на основни средства и ситен инвентар број 02-3912/1 од 07.03.2011 година.

[4] Решение за формирање на Централна комисија и помошни комисии за попис на основни средства и ситен инвентар, број 0204-29608/2 од 22.11.2017 година, со определени помошни комисии: Комисија за попис во Главна дирекција, Комисија за попис во КН Скопје и 7 комисии за попис за вршење на попис на основни средства и ситен инвентар во одделенијата по региони.

[5] Извештај на централната пописна комисија и посебните пописни комисии за извршениот попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал, побарувања и обврски за 2017 година, број 0202-6591/1 од 11.02.2018 година.

[6] Одлука за усвојување на пописот на основни средства број 0202-7341/1 од 28.02.2018 година, Решение за кусок број 0204-11169/1 од 29.03.2018 година, Решение за вишок на основни средства, број 0204-1159/1 од 29.03.2018 година.

извештајот на комисијата не се наведени објаснувања за појавените кусоци кои целосно се искнижени на терет на Агенцијата;
- не е извршен попис на нематеријалните средства, градежните објекти, земјиштето;
- не е извршен попис на мобилните телефони дадени на користење на вработените како и проверка на издадените реверси по лица со фактичката состојба,
- не е извршен попис на опремата дадена на користење кај други правни субјекти и
- во спроведувањето на пописот, како член на централната пописна комисија ангажирано е службено лице коешто извршува сметководствени работи, што не е во согласност со член 30 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Наведените состојби не се во согласност со член 21 од Законот и член 29 до член 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци на постојаните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2017 година.

**Препорака:**
Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за:
- спроведување целосен попис на нематеријалните средства, градежното земјиште, објекти, како и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- извештајот и одлуките произлезени од пописот да содржат забелешки, образложенија за констатирани разлики, како и одговорности, постапување по однос на истите и предлози за нивни книжења;
- попис на мобилните телефони издадени на реверси на вработени лица и на опрема дадена на користење кај други субјекти.

4.2.4. Согласно членовите 86, 87 и 89 од Законот за административни службеници платата се состои од:
- основна компонента (дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж) и
- исклучителна компонента (додаток на плата за посебни услови на работа, заради прилагодување кон пазарот на труд и заради ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа).

Од извршениот увид во начинот на пресметка и исплата на плати на вработените во Агенцијата во 2017 година, констатиравме дека износот за минат труд се пресметува на вредноста на додатоците на плата кои се однесуваат на прекувремена и ноќна работа, што не е во согласност со член 87 став 4 од истиот закон, каде е предвидено дека делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на платата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја

навршена година работен стаж, а најмногу до 20%. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за административни службеници и има влијание на висината на средствата за исплата на плата на вработените во Билансот на приходи и расходи.

**Препорака:**
Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности делот на плата за работен стаж да биде пресметан на деловите на платата за степен на образование и за ниво.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1. и 4.2. се однесуваат на невоспоставена единствена евиденција за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата, состојбите за евидентираните нематеријални средства, земјиште, градежни објекти и за извршениот попис на средствата и изворите на средства, како и пресметување на додатокот на плата за работниот стаж и на вредноста на додатоците на плата кои се однесуваат на прекувремена и ноќна работа, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за катастар на недвижности на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за катастар на недвижности, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Ревизијата истакнува дека во периодот на вршење на ревизијата до Агенцијата од страна на Државниот управен инспекторат доставен е Записник од извршен

вонреден инспекциски надзор[7] во кој се утврдени неправилности во постапката за унапредување на 128 административни службеници спроведена постапка во 2016 година. Државниот управен инспекторат констатирал дека одговорното лице на Агенцијата не ја спровело постапката за унапредување на вработените согласно одредбите предвидени во глава 8 Унапредување на административни службеници од Законот за административни службеници. Имено не е доставено барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник од страна на организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси во институцијата, до раководното лице на институцијата и не е обезбедено согласност од Министерство за финансии за потребните финансиски средства, не е објавен интерен оглас на веб страната на Агенцијата, не постојат пријави за унапредување со приложени докази потребни за унапредување, не е формирана Комисија за селекција на унапредувањата, записник за административна селекција по спроведениот интерен оглас, записник од спроведени интервјуа со најдобро рангираните кандидати како и не е утврдено постоење на одлуки за извршен избор ниту пак доказ за објавување на истите на веб страната на Агенцијата.

Поради ваквата состојба во записникот е констатирано дека 128 државни службеници се унапредени во повисоки работни места без притоа да се почитува начелото на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност што не е во согласност со член 5 од Законот за вработените во јавниот сектор, како и без да се обезбеди транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција на избор на најдобриот кандидат за предвиденото работно место.

Во насока на надминување на утврдената состојба одговорното лице на Агенцијата се задолжува со решение[8] да преземе мерки и активности за отстранување на утврдените неправилности и за враќање на вработените на работните места пред да бидат унапредени, а со тоа и носење на решенија за распоредување и определување на плата согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и актите за внатрешна организација и систематизација на работни места.

Во текот на вршење на ревизијата преземени се мерки и активности[9] за надминување на утврдените неправилности и донесени се решенија за поништување на решенијата за распоредување и определување на платата на државните службеници согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

---

[7] Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 Број 09-522 од 23.07.2018 година

[8] Решение ИП1 Број 09-522 од 23.07.2018 година од Државен управен инспекторат

[9] Известување до Државен управен инспекторат број 0304-27738/2 од 05.09.2018 година за преземени мерки и дејствија за отстранување на недостатоците утврдени во Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 Број 09-522 од 23.07.2018 година

6.2. Обрнуваме внимание дека Агенцијата за катастар на недвижности е тужена страна во судски спорови со правни и физички лица за износ од 395.785 илјади денари. Исто така Агенцијата за катастар на недвижности има поднесено тужба кон правни и физички лица по основ на ненаплатени фактури за извршени катастарски услуги и надомест на штета, во износ од 4.668 илјади денари. Исходот од постапките може да има влијание на износот на расходите на Агенцијата.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на Агенцијата прифатени и спроведени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 25.821 илјади денари, спроведени во налози за книжење број 012, 013, 014/10-637 од 20.11.2018 година и 015/10-637/18 од 21.11.2018 година. Спроведените корекции на секоја позиција пооделно, детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештај од конкретниот случај.

## 7. Останати прашања

7.1. Јавниот сектор во РМ, согласно член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор, го сочинуваат вработените кои имаат статус на административни службеници, како и вработените кои имаат статус на помошно – технички лица. Согласно истиот за вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и колективни договори. Висината на платите и другите надоместоци на административните службеници се определуваат согласно Законот за административни службеници, додека за лицата кои вршат технички и помошни работи, распоредени во групи подгрупи инкорпорирани во актот за систематизација, отсуствуваат одредби со кој би се уредил начинот на пресметување на платите.

Отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени.

Во Агенцијата за катастар на недвижности пресметката на плата за оваа категорија на вработени е регулирана со Правилник за системот на плати, надоместоци на плати и други надоместоци на помошните работници во Агенцијата за катастар за недвижности бр. 01-19120/1 од 28.10.2014 и Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошните работници бр. 02-19121/1 од 28.10.2014.

За надминување на утврдената состојба органите на државна управа во соработка со надлежното министерство потребно е да преземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на вработените лица кои вршат технички и помошни работи.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Агенција за катастар на недвижности** | | | | |
| **Сметка на основен буџет (637)** | | | | |
| **БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година** | | | | |
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2017** | | **2016** |
| **Приходи** | 3.1. | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 199.442 | | 223.589 |
| **Вкупно приходи** | | **199.442** | | **223.589** |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 199.442 | | 223.589 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **199.442** | | **223.589** |
| **Вкупно расходи** | | **199.442** | | **223.589** |

**Агенција за катастар на недвижности**
**Сметка на основен буџет (637)**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2017** | **2016** |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 18.607 | 19.305 |
| Залихи | 4.1.2. | 12.854 | 17.497 |
| **Вкупно тековни средства** | | **31.461** | **36.802** |
| | | | |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 135.263 | 112.506 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 75.816 | 74.769 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 412.415 | 394.539 |
| **Вкупно постојани средства** | | **623.494** | **581.814** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **654.955** | **618.616** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1. | 18.607 | 19.305 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **18.607** | **19.305** |
| | | | |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 636.348 | 599.311 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **636.348** | **599.311** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **654.955** | **618.616** |

**Агенција за катастар на недвижности**

**Сметка на основен буџет (637)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2017 година** | **581.815** | **17.496** | **599.311** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **108.638** | **2.438** | **111.076** |
| Набавки | 54.357 | 2.438 | **56.795** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Спроведени корекции во тек на ревизија | 25.821 | | |
| Ревалоризација на капитални средства | 28.460 | | **28.460** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **41.138** | **7.080** | **48.218** |
| Отпис на капитални средства | 9.583 | | **9.583** |
| Намалувања по основ на издадени мааторијали и ситен инвентар | - | 3.626 | **3.626** |
| Амортизација | 31.555 | - | **31.555** |
| Корекција на материјали и ситен инвентар | | 2.841 | **2.841** |
| Расход на материјали и ситен инвентар | | 613 | **613** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **649.315** | **12.854** | **662.169** |

Република Македонија

**Агенција за катастар на недвижности**

[redacted]

Дата 0304-655/8

Скопје 15 FEB 2019

**Република Македонија**
**Агенција за катастар**
**на недвижности**

Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3204 804
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта:
finansii@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

**До:**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД НА РЕВИЗИЈА**
**Палата "Емануел Чучков"**
**Ул."Јордан Мијалков"**
**1000 Скопје**

15 02 2019
1-39/6

Предмет:
- Одговор на Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за катастар на недвижности, сметка на основен буџет 637, сметка на буџет од самофинансирачки активности 787 и сметка на буџет на донации 785.

Почитувани,

Агенцијата за катастар на недвижности, по добивањето на Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за катастар на недвижности, сметка на основен буџет 637, сметка на буџет од самофинансирачки активности 787 и сметка на буџет на донации 785, детално ги анализираше констатираните состојби и презеде мерки за отстранување на констатираните состојби за **сметката 637**:

1. По точка **4.1.1.** од Нацрт Извештајот, го даваме следниот одговор: По однос на забелешката дека Агенцијата нема доставено предлог единствен идентификационен број до Владата на Република Македонија, врз основа на кој ќе се воспостави евиденција на недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи, сакаме да укажеме дека во Агенцијата за катастар на недвижности за целокупниот недвижен имот се водат податоци за име на катастарско одделение, име на катастарска општина, број на катастарска парцела/зграда/дел од зграда, врз основа на кои се формира единствен идентификатор во рамки на Геодетско Катастарскиот Информационен Систем (ГКИС). Прибелешките по однос на правото на користење се запишуваат во структуриран внес на податок во соодветниот дел од Лист Г. Врз основа на идентификаторот и соодветната прибелешка, Агенцијата за катастар на недвижности располага со податокот за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и тоа за оние недвижности за кои е запишано правото на сопственост/правото на користење.

   Воспоставување на единствен идентификационен број за недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи за Агенцијата би значело дуплирање на податокот.

 [redacted]

1. По точка **4.2.1**. од Нацрт Извештајот: На вашата констатацијата во точка 4.2.1. За неизвршена амортизација на нематријалните основни средства Секторот за финансиски прашања се согласува со констатацијата и веќе постапува по вашите препораки, односно при пресметка на амортизацијата за 2018 година во консултација со Секторот за информатичка технологија, внесени се амортизациони стапки по кои ќе се изврши амортизацијата на нематријалните основни средства за 2018 година. Во исто време во соработка со ИТ секторот, ќе се евидентираат сите нематеријлни средства, софтвери, лиценци кои се вон употреба, дотраени, застарени или им е истечен рокот на важност и со одлука ќе се тргнат од евиденција.
2. Во однос на забелешката точка **4.2.2** дека Агенцијата не располага со целосни податоци во имотните листови за сопственост и право на користење за Одделенијата во Тетово, Скопје, Стумица, Крушево, Ресен и Виница, сакаме да укажеме дека за сите овие Одделенија, освен за Одделението во Струмица, делот кој што го користи Агенцијата е запишан во сопственост на Република Македонија, со прибележано право на користење на Агенцијата. За Тетово тоа е запишано во Имотен лист број 34964 во КО Тетово-3, за ЦКН Скопје во имотен лист број 4968 КО Карпош, за Крушево во Имотен лист број 2928 КО Крушево, За Ресен во Имотен лист број 56021 КО Ресен и за Виница во Имотен лист број 7441 КО Виница. Прибележувањата за користење на овие недвижности се запишани (внесувани) во стариот електронски систем кој беше во примена до воведувањетото на е-кат-от и затоа сите овие прибележувања се ставени во Г12 (преземени од стариот електронски ситем). Доколку недвижноста беше запишана во повеќе ставки, како што е случај во повеќето одделенија, овој систем овозможување секое прибележување да се поврзе само со една ставка, најчесто таа во првиот ред, а се однесува на сите ставки кои со вкупната површина одговараат на таа дадената во правото на користење. **Во прилог** на ова ви ги доставуваме Имотните листови погоре цитирани како поткрепа на напред кажаното. Во однос на просториите кои ги користи Одделението во Струмица, сакаме да укажеме дека во истите Одделението се всели пред две години. Се работи за објект кој порано го користеше полицијата, а по негова реконструкција и реновирање во истиот се вселени четири државни институции. Носител на овие активности беше Министерството за финасии на чие што име е издавана градежно техничката документација. На крајот на 2018 година, Владата на Република Македонија донесе Одлука за вршење на премер за изготвување на Геодетски Елаборат во функција на запишување на овој објект: Од страна на АКН е изработен Геодетски елаборат и доставен до Министерството за финансии, каде треба да го комплетираат со правниот основ за да се изврши запишување на истиот. По запишувањето, согласно договорот за користење на истиот, ќе се поднесе Информација со Предлог Одлука за доделување на користење на соодветен деловен простор на четирите институции сместени во овој објект;

   Во однос на оваа забелешка сакаме да укажеме дека недвижноста во која е сместено Одделението за катастар на недвижности во Битола е запишана во Имотен лист број 91579 во КО Битола 3 и за двата дела (две крила) кои ги

користи Агенцијата за катастар на недвижности во Битола е прибележано право на користење во Лист Г9.s.. во овој Имотен лист кој ви го доставуваме **во прилог**;

Во однос на забелешката за градежното земјиште за подрачните одделенија во Кратово, Берово, Крушево, Тетово, Скопје и Прилеп, односно за нераполагање на Имотни листови со прибележано право на користење на ова градежно изградено земјиште, укажуваме на следното: Парцелата на која се наоѓа објектот во кој е сместено Одделението во Крушево, е запишна во Имотен лист број 2927 во КО Крушево и на истото е прибележано право на користење на Агенцијата и на Општина Крушево, бидејќи во истиот објект дел од корисниот простор го користи Општина Крушево. Исто така и градежната парцела на која е изграден објектот во кој е сместено Одделението за катастар на недвижности во Берово е запишана во Имотен лист број 2291 во сопственост на Република Македонија со прибележано право на користење на Агенцијата. Во Тетово се работи за парцела на која е изграден објект и во кој до пред 20 години беше сместено Одделението во Тетово, кога се има преселено во сегашните простории. Поранешните простории на Агенцијата, со Одлука на Владата за одземање и доделување на користење, се доделени на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги за потребите на подрачно одделение Тетово. Корисничкото право на земјиштето на Агенцијата сеуште не е одземено и истото е прибележано во лист Г12. во Имотен лист број 3185 во КО Тетово 3. Во прилог ви ги доставуваме Имотните листови за Крушево, Берово и Тетово. За градежното земјиште на кое се изградени објектите во кои се сместени Одделенијата во Кратово, Прилеп и ЦКН Скопје, Агенцијата ќе постапи согласно вашите препораки, односно ќе подготви Информација до Владата на Република Македонија со предлог Одлуки за доделување на користење на ова градежно земјиште на Агенцијата;

Во врска со пресметката на ревалоризацијата на земјиштето констатирано во извештајот, Секторот за финансиски прашања, ќе постапи согласно вашите препораки, односно веќе се доставени известувања до Општините – комисиите формирани од единиците на локалната самоуправа на кое се наоѓа земјиштето, за утврдување на пазарната вредност, односно нејзина промена.

3. Во точка **4.2.3** од извештајот, во која се наведува дека Централната пописна комисија нема целосна поткрепувачка документација, комплетни извештаи од посебните пописни комисии и пописни листи потпишани од членовите на комисиите, Ве известуваме дека пописот во Агенцијата се врши со електронски читачи, пописните листи се вградуваат, од системот за материјално финансиско водење на евиденција ЕРП, во читачите. За извршување на пописот 2018 година, дадени се детални упатсва до Централната пописна комисија да постапи според препораките дадени во нацрт извештајот.

 [redacted]

4. Констатација во точка **4.2.4**, дека износот за минат труд се пресметува на вредноста на додатоците на плата а се однесува на прекувремената работа и ноќната работа, е прифатена и Секторот за финансиски прашања веднаш пристапи кон промена на пресметката на минатиот труд кој досега се пресметуваше и на прекувремените часови, како изработени часови (минат труд).

5. Во Резимето - последниот став од страна 2 , во точката 7. Останати прашања од Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за катастар на недвижности, сметка на Основен буџет 637, во однос на забелешките:
   за преземање активности за иницирање на измени и дополнувања на законските и подзаконските акти, со цел утврдување на критериуми за пресметка на платата на вработените лица кои вршат технички и помошни работи; и дополнување на законската регулатива во насока на допрецизирање на законските одредби со кои е уредено вреднувањето на делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво на административни службеници, дали на административните службеници кои имаат стекнато повисоко образование им се признава и вреднува стекнатото образование, независно од тоа дали за нивото на работно место на кое се распоредени се бара помал степен на образование"
   Агенцијата го дава следниот одговор:
   Во самиот Извештај е констатирано дека тоа не се пропусти на Агенцијата, туку дека се системски слабости кои се однесуваат на алинеите наведени погоре. Агенцијата се согласува дека отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени, што бара иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти од органите на управата и надлежното министерство.
   Во Агенцијата за катастар на недвижности пресметката на плата на оваа категорија вработени е регулирана со Правилникот за системот на плати, надоместоци на плати и други надоместоци на помошните работници број 01-19120/1 од 28.10.2014 година и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошните работници бр. 02-19121/1 од 28.10.2014 година, во кои коефициентот на сложеност на работното место на секој работник се утврдува како збир на бројот на бодовите добиени од степенот на образование од членот 8 на тој правилник и сложеноста на работното место од членот 9 на истиот правилник, делени со 100. Со овој правилник регулирано е и колкав е износот на најниската плата ( 12.650,00 ) и дека вредноста на бодот ја утврдува Управниот одбор со посебна одлука.

Република Македонија
**Агенција за катастар на недвижности**

[redacted]

Согласно напред наведеното замолуваме детално да ги разгледате објаснувањата дадени од наша страна за констатирани состојби наведени во Нацрт извештаите и за тие што ќе оцените дека се оправдани и со дадените одговори се надминуваат некои од недостатоците претходно констатирани, очекуваме истите да не бидат наведени во Конечниот извештај од извршената ревизија.

Прилог: Имотни листови

Изготвиле:
Државен советник: Сања Волканова Златановска
Државен советник: Нада Велкоска
Државен советник: Зоранчо Муканов
Пом.раководител на сектор: Томица Младеновски

Со почит,

Д и р е к т о р

м-р Борис Тунцев

**Одговор**
**на забелешките на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 15.02.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст Агенцијата) на сметката на основен буџет (637) број 11-39/1 од 14.01.2019 година, од овластеното лице на Агенцијата, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-39/6 од 15.02.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува на тоа дека Агенцијата нема преземено активности за доставување на предлог единствен идентификационен број до Владата на РМ, врз основа на кој по негово утврдување од страна на Владата на РМ, Агенцијата ќе воспостави евиденција за недвижниот имот во државна сопственост како и имотот што го користат државните органи, **не се прифаќа.** Имено, Овластениот државен ревизор не ја оспорува евиденцијата и начинот на кој се евидентира недвижниот имот во рамки на Геодетско Катастарскиот информационен систем (ГКИС). Потребата од воспоставување на единствен идентификационен број за недвижниот имот во државна сопственост и на недвижниот имот кој го користат државните органи е утврдена надлежност на Агенцијата, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственоста.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на непресметаната амортизација на нематеријалните средства за 2017 година и за претходните години, како и за сметководствената евиденција на нематеријалните средства, софтверите, лиценците кои се вон употреба, дотраени, застарени или им е истечен рокот на важност, претставува **известување** за започнатите активности од страна на Агенцијата за надминување на констатираната состојба.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2. алинеја 1 и алинеја 2** која се однесува на тоа дека Агенцијата не располага со целосни податоци во имотните листови за сопственост и за право на користење, со кои ќе може да се потврдат евидентираните градежни објекти според поединечна квадратура и вредност, за регионалните одделенија на катастар во: Тетово, Скопје, Струмица, Крушево, Ресен, Виница и Битола, како и за евидентираното градежно земјиште

за регионалните одделенија во Кратово, Берово, Крушево, Тетово, Скопје и Прилеп, **делумно се прифаќа** поради тоа што од страна на Агенцијата доставена е дополнителна документација (имотни листови) со кои се потврдува дека за дел од евидентираните градежни објекти и земјиште извршено е упишување на правото на сопственост и правото на користење според евидентираната квадратура и вредност. Наведената состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.3.** која се однесува на тоа дека во Агенцијата пописот на средствата и изворите на средства за 2017 година не е извршен целосно согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, претставува **известување** за отпочнатите активности од страна на Агенцијата во насока на реализација на дадената препорака.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.** која се однесува на пресметката на износот за минат труд и на вредноста на додатоците на плата кои се однесуваат на прекувремена и ноќна работа, претставува **известување** дека се преземени активности за надминување на утврдената состојба односно пресметка на минатиот труд согласно законската регулатива.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 7. Останати прашања** која се однесува на потребата од преземање на активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на вработените лица кои вршат технички и помошни работи, преставува **известувањ**е за утврдената состојба, односно дека истите не се во надлежноста на Агенцијата, додека делот за вреднувањето на стекнатиот степен на образование согласно актите за организација и систематизација на Агенцијата, ќе биде соодветно корегиран во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.